**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-29
05.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитувана,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја разгледа Вашата Претставка (наш број УПП 03-29 од 24.11.2025 г.), во којашто реагирате на програмската понуда на Телевизија Канал 5 и на Телевизија Алфа, поради континуираното репризирање на серии и емисии во текот на денот и во ударни термини, и во којашто барате Агенцијата да реагира до посочените медиуми, со цел да прекинат со практиката одредени програми да ги репризираат повеќекратно.

Ве информираме дека, согласно одредбите од член 47-а став 1 алинеја 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), уредниците, новинарите и другите автори во радиодифузерите се самостојни, независни и одговорни при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика. Осмислувањето на програмската понуда е исклучиво во надлежност на самите уредништва во телевизиите. Тие самостојно и независно одлучуваат за целокупната нивна програмска понуда, вклучително и за бројот на репризни изданија на емисиите, сериите и за другата програма. Агенцијата на никој начин не смее да се меша во креирањето на програмската понуда на било кој медиум, почитувајќи го нивното законско и уставно загарантирано право.

Радиодифузерите немаат законски обврски за емитување нови емисии/серии, ниту пак ограничувања за бројот на репризи. Колку пати некои содржини ќе бидат репризирани зависи исклучиво од уредувачката политика на самиот медиум како и од склучените договори со имателите на права за конкретните програми.

Медиумите имаат обврска да се придржуваат до програмските концепти за коишто добиле дозвола за емитување. Програмските концепти се однесуваат на структурата на програмата по видови и застапеност на медиумските функции (информативна, забавна, образовна) што ги исполнуваат програмите на неделно ниво, а не на тоа кои конкретни содржини ќе бидат емитувани. На дневна основа, приватните телевизиски програмски сервиси имаат законска обврска (член 92 од ЗААВМУ) да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, во зависност од обврските за јазикот/јазиците утврдени во дозволата. Во процентот за македонски аудиовизуелни дела (во најмалку 30-те %), согласно одредбите од Правилникот за обврските за емитување македонски аудиовизуелни дела и музика (Пречистен текст), се смета само премиерното емитување на видовите програми во текот на едно денонокие, кај секој радиодифузер поединечно. Со последните надзори, спроведени во текот на 2025 година, кај двете телевизии, е констатирно дека се придржуваат до одредбите од член 92 од ЗААВМУ и од Правилникот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Во Вашиот допис искажувате мислење дека Агенцијата треба да воспостави механизми на санкција или препораки за емитувањето репризни изданија на програмите во подолг временски период, и одземање, како што наведувате, хипотетички, на дозволите поради емитувањето голем број репризи.

Агенцијата не може да ги санкционира медиумите за емитувањето репризи на програмата (од сопствено или туѓо производство) поради веќе посоченото, дека радиодифузерите се самостојни, независни и одговорни при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика. Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во одредбите од член 82, се дефинирани ситуациите во коишто Агенцијата може да покрене постапка за одземање на издадената дозвола и емитувањето репризни изданија не е една од нив, односно по овој основ не може да се покрене постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Инаку, Агенцијата, во насока на создавање нова, оригинална и квалитетна програма, подолг период наназад, се залага за законски измени со цел формирање медиумски фонд за поттикнување на домашната продукција, преку кој ќе им се помогне на медиумите да создаваат нови, сопствени програми. Имплементацијата на оваа иницијатива на Агенцијата зависи од Министерството за дигитална трансформација, Владата и Собранието, задолжени за изработка и носење на законски решенија.

Ви благодариме за претставката, за неа, во анонимизирана форма, ќе бидат известени ТВ Канал 5 и ТВ Алфа.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**